# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

## Службен гласник бр.12/2015

## 16.12.2015 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште на кп.бр.265 КО Војшанци**

Се објавува Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште на кп.бр.265 КО Војшанци, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 15.12.2015 година.

Бр.09_415/1
16.12.2015

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 9 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 6/11, 16/12 и 16/14), по поднесено барање бр.08-408 од 14.12.2015 година од Трговското друштво РУДИНА ЕНЕРГИЈА ДОО Кавадарци, Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 15.12.2015 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**За ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште на кп.бр.265 КО Војшанци**

Член 1

Со оваа одлука Трговското друштво РУДИНА ЕНЕРГИЈА ДОО Кавадарци се ослободува од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на стопански објект-фотонапонска електроцентрала со намена Е2- Комунална супраструктура на КП 265 м.в. „Рудина“ КО Војшанци, општина Неготино.

Член 2

Во договорот со кој општина Неготино ќе го регулира надоместокот за уредување на градежно земјиште да се утврди обврска на горенаведеното трговско друштво на свој трошок да ги изведе сите инфраструктурни објекти ( пристапен пат до својата градежна парцела, водовод, вода за пиење и технолошка вода, електрика, атмосферска и фекална канализација и друго).

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „ Службен гласник на општина Неготино„.

Бр.08_411/3
15.12.2015 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште на кп.бр.1000/13 КО Неготино**

Се објавува Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште на кп.бр.1000/13 КО Неготино, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 15.12.2015 година.

Бр.09_415/2
16.12.2015

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 9 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 6/11, 16/12 и 16/14), по поднесено барање бр.08-411/4 од 15.12.2015 година од Трговското друштво ИГМ ТРЕЈД Илија и др.ДОО од Кавадарци, Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 15.12.2015 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште на кп.бр.1000/13 КО Неготино**

Член 1

Со оваа одлука Трговското друштво ИГМ ТРЕЈД Илија и др.ДОО од Кавадарци се ослободува од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на стопански објекти со намена Г2-„лесна индустрија“ и Г3- „сервиси“ на следната катастарски парцела:
Кп.бр.1000 според елаборатот Кп.бр.1000/13 со површина од 13.980 м2 градежна парцела 1.8 КО Неготино.

Член 2

Во договорот со кој општина Неготино ќе го регулира надоместокот за уредување на градежно земјиште да се утврди обврска на горенаведеното трговско друштво на свој трошок да ги изведе сите инфраструктурни објекти ( пристапен пат до своите градежни парцели, водовод вода за пиење и технолошка вода, електрика, атмосферска и фекална канализација и друго).

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „ Службен гласник на општина Неготино„.

Бр.08_411/4
15.12.2015 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за отпис на побарувања по основ на данок на имот**

Се објавува Одлуката за отпис на побарувања по основ на данок на имот, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 15.12.2015 година.

Бр.09_415/3
16.12.2015

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 85-а од Законот за даноците на имот („Сл.весник на РМ„ бр.61/04...192/15) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 15.12.2015 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За отпис на побарувања по основ на данок на имот**

Член 1

Со оваа одлука се врши отпис на ненаплатените застарени побарувања по основ на данок на имот на физички лица од општина Неготино кои се утврдени со решенија од Управата за јавни приходи и кои како ненаплатени салда во 2006 година се внесени во даночното книговодство на општина Неготино.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „ Службен гласник на општина Неготино.

Бр.08_411/5
15.12.2015 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решението за доделување на еднократна парична помош**

Се објавува Решението за доделување на еднократна парична помош, што Советот на општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден 15.12.2015 година.

Бр.09_415/4
16.12.2015

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 15.12.2015 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За доделување на еднократна парична помош**

Член 1

Се доделува еднократка парична помош на:
Анѓелина Анѓелова од с.Долни Дисан во износ од 30.000,00 денари.

Член 2

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на општина Неготино".

Бр.08_411/6
15.12.2015 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Јордан Паунов**

# С О Д Р Ж И Н А

## на Службен гласник бр. 12/2015

1. Заклучок за објавување на Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште на кп.бр.265 КО Војшанци Стр.1

2. Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште на кп.бр.265 КО Војшанци Стр.2

3. Заклучок за објавување на Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште на кп.бр.1000/13 КО Неготино Стр.3

4. Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште на кп.бр.1000/13 КО Неготино Стр.4

5. Заклучок за објавување на Одлуката за отпис на побарувања по основ на данок на имот Стр.5

6. Одлука за отпис на побарувања по основ на данок на имотСтр.6

7. Заклучок за објавување на Решението за доделување на еднократна парична помош Стр.7

8. Решение за доделување на еднократна парична помош Стр.8